**ДП. бр. 392**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), во состав: извршител Снежана Фитеска претседател на ДК на Комората на извршители на РМ, извршител Саветка Георгиева член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Владимир Панчевски Основен суд Скопје 1 Скопје, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Нада Симјановска од Министерство за правда на РМ, како членови на Дисциплинска Комисија, и Биљана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-478 од 04.12.2013 година на Министерот за правда на РМ, во присуство на обвинетиот извршител Ж.П од Скопје лично, по одржан претрес на ден година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА за виновен Извршител Ж.П именуван за подрачјето на Основниот суд Б и Основниот суд Р со адреса на ул. П.п.нбр.10 во Б

ЗАТОА ШТО:

1. Извршителот Ж.П од Б постапувајќи по барањето за извршување заведено под И.бр.242/13 прифатил Договор за отстапување на побарувањето склучен на ден 22.04.2013 година со кој договор А.В доверител во извршниот предмет И.бр.242/13 го отстапува побарувањето по извршната исправа Пресуда на Основниот суд во Б П1-41/11 од 29.08.2012 година и барањето за извршување И бр.242/13 на лицето С.Т, заверен кај нотар В.Кпод УЗП бр.2964/13 од 22.04.2013 година и донел Заклучок за намирување на побарување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година со кој го намирил доверителот А.В, на кој Договор за отстапување на побарување се заверени само потписите на странките, односно предметниот договор не преставува нотарска извршна исправа согласно законот, со оглед на тоа што со предметниот договор не била заверена содржината на исправата, поради што истиот не може да има правно дејство спрема должникот, со што постапил спротивно на член 19 став 1 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/11)

2. Извршителот постапувајќи по барањето за извршување заведено под Ибр.276/13 со Заклучок за намирување на еден доверител (врз основа на член 101 став 1 од Законот за извршување) И бр.242/13 од 15.08.2013 година го намирил доверителот П.М, односно извршил пребивање на побарувањето кое доверителот П.М го имал спрема должникот А.В по извршниот предмет И бр.276/13 во износ од 36.585,00 ден., без претходно да му го достави на должникот издадениот Налог за извршување (врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување) И бр.276/13 од 08.05.2013 година со што постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 3, член 46-а став 4 и член 46-б од Законот за извршување

**со кои дејствија** извршителот Ж.П од Б постапувајќи по предмет И.бр.242/13 и предмет И.бр.276/13 сторила дисциплинска повреда :“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“ по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување опишана во точка 1 и опишана во точка 2

па со примена на правилата на казнено право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната врз основа на 54 –а од Закон за извршување му се изрекува

ПАРИЧНА КАЗНА

во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка РМ на ден на изрекување

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот Ж.П од Б утврдената парична казна од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на решението а под страв од присилно извршување

Образложение

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-478 од 04.12.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот Ж.П од Б врз основа на Извештај бр.09-478,479 од 14.11.2013 година за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот ден 25.10.2013 година овластени лица од Министерството за правда со увид во предмет И.бр.242/13 и И.бр.276/13. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по член 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување затоа што при спроведување на извршувањето по предметот И.бр.242/13 прифатил Договор за отстапување на побарувањето со кој доверителот А.В го отстапил побарувањето по извршната исправа Пресуда на Основниот суд во Б П1-41/И од 29.08.2012 година и барањето за извршување И бр.242/13 на лицето С.Т, заверен кај нотар В.Кпод УЗП бр.2964/13 од 22.04.2013 година и донел Заклучок за намирување на побарување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година со кој го намирил доверителот А.В, на кој Договор за отстапување на побарување се заверени само потписите на странките и истиот не може да има правно дејство спрема должникот. Понатаму, предлогот е со наводи и дека извршителот постапувајќи по барањето за извршување заведено под Ибр.276/13 со Заклучок за намирување на еден доверител од 15.08.2013 година го намирил доверителот П.М, односно извршил пребивање на побарувањето кое доверителот П.М го имал спрема должникот А.В по извршниот предмет И бр.276/13 во износ од 36.585,00 ден., без претходно да му го достави на должникот издадениот Налог за извршување И бр.276/13 од 08.05.2013 година со што постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 3, член 46-а став 4 и член 46-б од Законот за извршување па предлагачот смета дека извршителот со ваквиот начин на постапување во предметите И.бр. 242/13 и И.бр.276/13 сторил дисциплинска повреда од член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување па од кои причини се предлага Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ

да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршителот Ж.П именувана за подрачјето на Основниот суд во Б и Основниот суд во Р за сторена дисцинлинска повреда од член 54-д алинеја 5 од Законот за извршување и да и изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот Ж.П од Б во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 23.12.2013 година наведе дека спроведувајќи извршување на Пресуда П1-41/11 на Основен суд Б од 29.08.2012 година потврдена со Пресуда Гж.бр.3483/12 од 05.02.2013 година издала налог по член 154 од ЗИ за извршување врз недвижност од 25.03.2013 година и истиот уредно бил доставен до полномошникот на должникот адвокат З.Б. На ден 29.03.2013 година до извршителот бил доставен налог за забрана на побарување од должников должник со кој се става забрана на побарувањето што А.В го има од П.М и тоа во износ од 115.057,00 денари .На ден 04.04.2013 година до извршителот било доставено барање за извршување од страна на П.М преку полномошник адвокат З.Б во кој должник била А.В а со предлог да се пребијат меѓусебните побарувања. На ден 12.04.2013 година до извршителот бил доставен Налог за пренос врз основа на член 121 од ЗИ од страна на извршител Н.Дод Б. На ден 22.04.2013 година должникот го исплатил долгот во целост на девизна сметка на извршителот .

Исто така, на ден 22.04.2013 година до извршителот бил доставен Договор за отстапување на побарување со кој А.В како доверител во овој предмет го отстапува побарувањето на С.Т од Б.

Извршителот пристапил кон намирување откако средствата кои ги уплатил должникот на девизната сметка биле пренесени на посебната сметка на извршителот. Со оглед на фактот што во предметот постоел Договор за отстапување на побарувањата на С.Т извршителот сметал дека примачот на отстапеното побарување С.Т треба да биде намирена во целост и да не се прифати предлогот за пребивање со предметот под И.бр. 276/13 и Налогот за забрана од извршител Н.Д од Б.

Извршителот во своја одбрана истакна дека се неосновани наводите од предлогот дека е сторена повреда со тоа што извшителот го прифатил Договорот за отстапување на побарување на кој договор биле заверени само потписите на странките, односно наводите дека предметниот договор не претставува нотарска извршна исправа согласно законот со оглед на тоа што со предметниот договор не била заверена содржината на исправата па поради што истиот не може да има правно дејство спрема должникот од причина што одредбите на член 19 од ЗИ укажуваат дека побарувањето може да премине на друг со јавна или според закон заверена исправа . Понатаму, извршителот истакна дека со член 424 од Законот за облигациони односи е пропишано дека доверителот може со договор склучен со трет да го пренесе врз него своето побарување , освен она чие пренесување е забрането со закон или кое е врзано за личноста на доверителот , или кое според својата природа му се спротивставува на пренесувањето врз друг, според што ЗОО не предвивува дури на заверка на потписите на нотар , туку ваквиот договор со самиот ден на неговото склучување помеѓу странките предизвикува дејство правно дејство.

Извршителот наведе дека во конкретниот случај договорот за отстапување иако законски не странките немале обврска сепак го завериле на нотар со што овој договор добил сила на јавна исправа а истото имајќи предвид дека во Законот за извршување не е предвидено дека ваквиот договор треба да биде солемнизиран а уште помалку да претставува извршна исправа бидејќи истиот дури и да биде солемнизиран не може да претставува извршна исправа бидејќи во него отсуствува задолжение за странките.

Извршителот во однос на наводите од предлогот кои се однесуваат на околноста дека извршителот извршил пребивање на побарувањето кое доверителот го имал спрема должникот без претходно да му достави на должникот налог за извршување врз основа на член 86 извршителот истакна дека е точен наводот да по овој предмет навистина бил изготвен налог за извршување врз основа на член 86 кој во неколку пати било обидено да му се достави на должникот меѓутоа безуспешно бидејки должникот постојано ја менувал својата адреса и ја избегнувал доставата. Во прилог на истото извршителот приложи и докази пред комисијата. Откако должникот во извршниот предмет И.бр. 242/13 го платил долгот, извршителот бидејќи се створиле услови за пребивање од причина што се работело за исти странки, извршил пребивање односно со средтвата кои ги платил должникот во претходниот предмет го наплатил и предмет И.бр.276/13 и изготвил Заклучок за намирување И.бр.242/13 кој го доставил до полномошникот на должникот во кој точно бил наведен износот за кој се пребива долгот а овој заклучок не бил побиван со приговори ниту од страна на должникот ниту од страна на доверителот .

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес на ден 24.12.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

1. Извештај УПП.бр.09-478,479 од 14.11.2013 година на Министерство за правда на РМ;
2. Барање за извршување од 15.03.2013 на доверител А.В преку полномошник адв.Д П. за И.бр. 242/13
3. Барање за извршување од 04.04.13 на доверител П.М преку пол.Адв. З.Б за И.бр.276/13
4. Доставница за нал.по чл.86 за и.бр.276/13 од 06.06.13 до А.В
5. Доставница за нал.по чл.86 за И.бр.276/13 од 04.11.13 до А.В –ќерка Розе
6. Доставница за нал.по чл.86 за И.бр.276/13 од 16.09.13 до А.В со печат од адв. Д.П
7. Поднесок од 23.09.13 од Адв. Д.П
8. Налог по член 86 од ЗИ од 08.05.2013 за И.бр. 276/13
9. Заклучок за намирување на еден доверител од 15.08.2013 за И.бр.242/13
10. Достава на Заклучок за намирување на еден доверител за И.бр.242/13 од 26.08.13 до полномошник на доверител
11. Достава на Заклучок за намирување на еден доверител за И.бр.242/13 од 27.08.13 до полномошник на должник

12. Налог за забрана на побарување на должников должник од 29.03.2013 на Извршител Н.Дза И.Бр. 357/11
13. Налог за пренос на побарување од должников должник за наплата од 12.04.13 на Извршител Н.Д И.Бр. 357/11
14. Договор за отстапување на побарување(цесија) од 22.04.2013
15. Заклучок за намирување на еден доверител од 09.05.13 за И.бр.242/13
16. Решение Гж.бр.2493/13 од 25/07/13 на Апелационен Суд Б
17. Решение ППНИ-426/13 од 03/07/13 на Заменик Претседател на Основен Суд Б

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 15.03.2013 година извршителот примил барање за извршување заведено под И.бр.242/13 од доверителот А.В од Б поднесено преку полномошник адвокат Д.П од Б против должникот П.М со живеалиште во САД, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд во Б П1-41/11 од 29.08.2012 година, потврдена со Пресуда на Апелациониот суд во Б ГЖ.бр.3483/12 од 05.02.2013 година, заради наплата на парично побарување на име главен долг 473.752,00 ден. со законска казнена камата сметано од 06.09.2012 година, во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 процентни поени, па до исплатата, на име трошоци на постапката вкупен износ од 111.206,00 ден. и адвокатските трошоци за извршување во износ од 5.200,00 ден.

Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршуваше врз недвижност, врз основа на член 154 од Законот за извршуваше, И бр.242/13 од 25.03.2013 година и истиот го доставил до полномошникот на должникот адвокат З.Б од Б на 04.04.2013 година.

На ден 29.03.2013 година извршителот примил поднесок од должникот преку полномошник адвокат З.Б во прилог на кое бил доставен заверен препис на полномошно со превод од овластен судски преведувач.

Во списите на предметот приложен е Налог за забрана на побарување од должников должник И бр.357/2011 од 29.03.2013 година издаден од извршителот Н.Дод Б со кое се става забрана на побарувањето што должникот А.В го има кон нејзиниот должник П.М со живеалиште во САД во висина на износот од 115.057,00 ден., кое произлегува од извршната исправа Пресуда на Основниот суд во Б П-542/08 од 27.01.2010 година, а кое го има во спроведување на извршувањето кај извршителот Ж.П од Б по предметот И бр.242/13. Во списите на предметот приложен е Налог за пренос на побарување од должников должник за наплата (врз основа на член 121 став 1 од Законот за извршување) И бр.357/2011 од 12.04.2013 година издаден од извршителот Н.Дод Б за наплата на паричното побарување во износ од 115.057,00 ден. на доверителот П.М застапуван од адвокат З.Б . На ден 22.04.2013 година лицето Д.В во

име на должникот П.М го платил долгот на девизната сметка на извршителот Ж.П од Б. На ден 22.04.2013 година до извршителот бил доставен Договор за отстапување на побарување (цесија) склучен на ден 22.04.2013 година помеѓу А.В од Б како отстапувач на побарувањето и С.Т од Б како примач на побарувањето, со кој договор А.В доверител во извршниот предмет И бр.242/13 го отстапува побарувањето по извршната исправа Пресуда на Основниот суд во Б П1-41/И од 29.08.2012 година и барањето за извршување И бр.242/13 на лицето С.Т. На овој Договор за отстапување на побарувањето извршена е легализација, односно заверени се само потписите на странките кај нотар В.Кпод УЗП бр.2964/13 од 22.04.2013 година.

Извршителот го прифатил Договорот за отстапување на побарувањето и на ден 09.05.2013 година донел Заклучок за намирување на еден доверител (врз основа на член 101 став 1 од Законот за извршување) со кој од износот 697.092,00 ден. уплатен од должникот го намирил доверителот А.В и тоа: трошоците на доверителот за извршувањето во износ од 65.564,00 ден., адвокатските трошоци во извршувањето во износ од 5.200,00 ден., трошоците на доверителот по извршната исправа во износ од 111.206,00 ден. на име процесни трошоци и 7.409.00 ден. на име камата на процесни трошоци и главен долг во износ од 473.752.00 ден. со камата во износ од 33.961,00 ден. На ден 16.05.2013 година должникот П.М преку полномошник адвокат З.Б од Б поднел приговор до Претседателот на Основниот суд во Б против Заклучокот за намирување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година во дел за износ од          ден.

На ден 20.05.2013 година доверителот А.В поднел приговор против неправилности при извршувањето против Заклучокот за намирување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година.

Со Решение на Претседателот на Основниот суд во Б ППНИ бр.426/13 од 03.07.2013 година приговорот поднесен од должникот П.М против Заклучокот за намирување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година е усвоен и Заклучокот за намирување на еден доверител И бр.242/13 од 09.05.2013 година е ставен вон сила. Со решение судот приговорот на доверителот А.В го отфрлен како безпредметен. Незадоволен од вака донесеното решение останал доверителот кој изјавил жалба на Решение на Претседателот на Основниот суд во Б ППНИ бр.426/13 од 03.07.2013 година, која со Решение на Апелациониот суд во Б ГЖ.бр.-2493/13 од 25.07.2013 година е одбиена како неоснована, а решението на Претседателот на Основниот суд во Б ППНИ бр.426/13 од 03.07.2013 година е потврдено. Имено, судот ценел дека во конкретниот случај постои Договор за отстапување на побарувањето склучен помеѓу доверителот како отстапувач на побарувањето и третото лице С.Т од Б како примач на побарувањето, меѓутоа дека во предметниот договор се заверени само потписите на странките, односно дека предметниот договор за отстапување на побарувањето во конкретниот случај не претставува нотарска извршна исправа согласно законот, бидејќи за таква правна работа на странките е потребно постоење на нотарски акт, а оттука со оглед на тоа што на предметниот договор била извршена легализација, а не била заверена и содржината на исправата истиот не може да има правно дејство спрема должникот. Воедно судот ценел дека со тоа што извршителот при спроведување на извршувањето таквиот договор го зел во предвид, иако истиот не

претставувал според закон заверена исправа, и во предметот не извршил пребивање на побарувањето на доверителот А.В спрема должникот П.М по предметот И бр.242/13 со побарувањето на доверителот П.М спрема должникот А.В од предметите И бр.276/13 и И бр.357/2011 кај извршител Николче Диневски, дека сторил неправилности при извршувањето.

На ден 15.08.2013 година извршителот донел Заклучок за намирување на еден доверител (врз основа на член 101 став 1 од Законот за извршување) со кој од износот 697.092,00 ден. уплатен од должникот го намирил доверителот А.В и тоа: трошоците на доверителот за извршувањето во износ од 65.564,00 ден., адвокатските трошоци во извршувањего во износ од 5.200,00 ден., трошоците на доверителот по извршната исправа во износ од 111.206,00 ден. на име процесни трошоци и ден. на име камата на процесни трошоци и главен долг во износ од 322.256.00 ден. со камата во износ од 33.961,00 ден. и износ од 3.628,00 ден. на име цена за администрирање. Исто така, извршителот со Заклучокот за намирување ги намирил и извршителот Н.Дза доверителот П.М по Налогот за забрана И бр.357/11 од 12.04.2013 година и Налогот за пренос во износ од 115.057,00 ден. Воедно, извршителот со Заклучокот направил пребивање на побарувањето кое П.М го имал спрема А.В по извршниот предмет И бр.276/13 за износ од 36.585,00 ден.

Извршителот на ден 04.04.2013 година примил барање за извршување заведено под И бр.276/13 од доверителот П.М со живеалиште во Њу Јорк, САД преку полномошник адвокат З.Б од Б против должникот А.В од Б, врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд во Б МАЛВП.бр. 15/2012 од 18.05.2012 година, заради наплата на процесни трошоци во износ од 18.980,00 ден. со законска казнена камата сметано од 18.05.2012 година до исплатата и Пресуда на Апелациониот суд во Б ГЖ.бр. -2040/12 од 14.11.2012 година за наплата на трошоци на второстепената постапка во износ од 4.500,00 ден. со законска казнена камата сметано од 14.11.2012 година до исплатата. Постапувајќи по барањето за извршување извршителот издал Налог за извршување врз основа на член 86 став 1 од Законот за извршување, Ибр.276/13 од 08.05.2013 година. Видно, од доставница за извршена достава на налогот за извршување Ибр.276/13 до должникот А.В на адреса ул.„Охридска“ бр.31 на која извршителот нотирал дека е направен обид за достава на налогот за извршување на ден 06.06.2013 година, но дека должникот не живее на таа адреса. Исто така, извршителот направил и обид за достава на налогот за извршување до должникот на адреса ул.“Индустриска'“ бр.3, Б, при што констатирал дека должникот е иселен од оваа адреса пред неколку години. Видно од доставница И.бр. 276/13 на ден 16.09.2013 година извршителот му го доставил Налогот за извршување по чл.86 од ЗИ на адвокатот Д.П од Б.

На ден 23.09.2013 година извршителот примил поднесок од адвокатот Д.П од Б, со кој што го враќа Налогот за извршување И бр.276/13 од 08.05.2013 година, поради тоа што во извршниот предмет И бр.276/13 тој немал уредно полномошно за да го застапува должникот А.В од Б.

Извршителот со Заклучок за намирување на еден доверител , врз основа на член 101 став 1 од Законот за извршување И бр.242/13 од 15.08.2013 година го намирил доверителот П.М, односно извршил пребивање на побарувањето кое доверителот

П.М го имал спрема должникот А.В по извршниот предмет И бр.276/13 во износ од 36.585,00 ден.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија на главен претрес на ден 24.12.2013 година одлучувајќи по повод основаноста на Предлогот на Министерот за правда УПП бр.09-478 од 04.12.2013 година утврди дека извршителот Ж.П од Скопје сторил дисциплинска повреда на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.242/13 донел Заклучок за намирување И.бр. 242/13 од 09.05.2013 година , при што земал предвид Договор за отстапување на побарување помеѓу доверителот и трето лице а кој договор не бил солемнизиран односно истиот бил заверен на нотар на начин што биле заверени само потписите на странките а не и неговата содржина па со ваквото прифаќање на договорот извршителот постапил спротивно на член 19 став 1 од Законот за извршување, па ДК при КИРМ е на став дека извршителот го сторил битието на делото предвидено со член 54-д алинеја 5 од ЗИ кое му се става на товар од причина што сметал дека побарувањето преминало врз лице кое во извршната исправа не е означено како доверител иако тоа лице не го докажало преносот ниту со јавна или според закон заверена исправа а ниту со правосилна одлука донесена во парнична постапка а во овој смисол е и донесеното решение на претседателот на Основен суд Б ППНИ. 426/13 од 03.07.2013 година а по поднесен приговор од должникот П.М против Заклучокот за намирување И.бр.242/13 кој е ставен вон сила а кое решение е потврдено од страна на второстепениот суд со решение ГЖ.бр.2493/13 од 25.07.2013 година. Видно од донесеното правосилно решение на судот утврдено е дека извршителот при спроведување на извршувањето предметниот договор за остапување на побарување прифатил дека не може да претставува според закон заверена исправа и дека извршителот погрешил кога таквиот договор го земал предвид со што сторил неправилност во извршувањето. Имајќи ја предвид вака донесената одлука ДК е на мислење дека извршителот ја сторил повредата која и се става на товар по член 54-д алинеа 5 од ЗИ односно при извршувањето преземал дејствија кои се спротивни со овој закон.

Понатаму, Дисциплинската комисија утврди и дека извршителот постапувајќи по извршниот предмет И.бр.276/13 го намирил доверителот П.М на начин што со заклучок извршил пребивање на неговото побарување со износот кој се долгува во предметот И.бр.242/13 во кој лицето П.М бил должник а без при тоа извршителот да изврши успешна лична достава на издадениот Налог И.бр. 276/13 од 08.05.2013 година по член 86 од ЗИ до должникот А.В од Б со што постапил спротивно на член 40 став 1 алинеја 3, чл.46-а став 4 и член 46-б од ЗИ па со кои дејствија го сторил битието на делото за кое се товари по член 54-д став 1 алинеја 5 од ЗИ:“при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон“. Имено, Дисциплинската комисија смета дека извршителот основано по добивање на одлуката на првостепениот суд со која бил ставен вон сила Заклучокот И.бр.242/13 од 09.05.2013 год донел Заклучок за намирурање на еден доверител од И.бр.242/13 од 15.08.2013 година. Меѓутоа видно од приложените докази, извршителот го донел Заклучокот И.бр.242/13 од 15.08.2013 година без претходно да изврши достава на издадениот Налог И. бр.276/13 од 08.05.2013 година до должникот А.В од Б. Имено во конкретниот случај должникот А.В во И.бр.276/13 нема примено

налог за извршување по член 86 од ЗИ со што извршителот извршил намирување без при тоа должникот А.В да знае дека е донесен налог за наплата на парично побарување по 86 од ЗИ па на овој начин извршителот извршил намирување преку пребивање на побарувањето на странките прескокнувајќи една фаза од извршувањето со што извршителот и покрај тоа што должникот А.В во едниот предмет е доверител во другиот должник ( И.бр.242/13 и И.бр.276 /13 ), постапил спротивно на законот односно спротивно на членовите 40 став 1 алинеја 3, член 46-а став 4 и член 46-б од Законот за извршување и не извршил успешна достава до должникот А.В со што го сторил битието на делото по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување.

Како во преземените дејствија од страна на извршителот се содржани сите битни елементи на дисциплинската повреда од членот 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување која му се става на товар :"при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон" Дисциплинската комисија го огласи за виновен за сторени повреди и за истото му изрече парична казна во износ од 3000 евра.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се олеснителната околност дека извршителот по добивањето на решението од страна на судот за утврдените неправилности истата пристапила кон донесување на заклучок за намирување спрема доверителот А.В со што ја почитувала судската одлука како и тоа дека при намирувањето не се настанати штетни последици а од друга страна постигната е целта на извршувањето и успешно е реализирана извршната исправа а како отежнителна околност тоа што извршителот претходно е дисциплински казнуван а и тоа што и покрај тоа што имал ја можноста да обезбеди достава до должникот А.В од Б, истата пристапила кон намирување без при тоа да стори напор да изврши достава на донесениот налог по чл.86 од ЗИ иако тоа можела да го стори, па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува обвинетиот извршител Ж од Б да плати на име парична казна износ во висина од 3000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинска комисија на КИРМ

Претседател

Снежана Фитеска

-----------------------------

Правна поука : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот

Дн: Претседател на КИРМ

Министерство за правда на РМ

Ж.П од Б

Архива